Република Македонија

ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
e - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47 -552-661

Бр. 15

18.11.2013

Демир Хисар

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ " бр.5/02), а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр. 3/02, 4/05 и 7/09) , донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на План за развојни програми на Општина Демир Хисар за 2014 година**

1.Го објавувам Планот за равојни програми на Општина Демир Хисар за 2014 година донесен на единаесетата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 15.11.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 08-880/2** **Општина Демир Хисар**
**18.11.2013 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** **Љупчо Блажевски с.р.**

**118.**Врз основа на член 21-б од Законот за буџетите („Сл. весник на РМ" бр.4/2008), а согласно член 43, став 1, точка 20 од Статутот на Општина Демир Хисар ("Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр. 3/02), Советот на Општина Демир Хисар на седницата која се одржа на ден 15.11.2013 година, донесе

***ПЛАН ЗА РАЗВОЈНИ ПРОГРАМИ***
***На Општина Демир Хисар за 2014 година***

Согледувајќи ги потребите на граѓаните, а поаѓајќи од целта за подобрување на квалитетот на животот на територијата на Општина Демир Хисар, ценејќи ги општите текови и особено потребата од развој во натамошниот период во областите од економскиот развој и комуналното уредување, Општина Демир Хисар особено ќе развива планови и програми и тоа:

1. **Развојна програма- Линиска инфраструктурна градба (Реконструкција на коловоз на улици во с.Слоештица)**

Со оваа развојна програма предвидено е да се реконструира коловозот на 3 (три) улици во с.Слоештица кои беа оштетени при изградбата на канализационата мрежа во селото. Реконструкцијата на коловозот на улиците ќе се реализира согласно изработената и ревидирана техничка документација-основен проект во 2013 година.

Согласно основниот проект вкупната должина на улиците кои ќе бидат реконструирани изнесува 985,85 $м^1$, а проектната вредност на работите изнесува 4.628.869,00 денари. Со реализација на развојната програма ќе се придонесе кон подобрување на условите за живеење во селото.

Оваа развојна програма се однесува за периодот од 2014 година до 2015 година. Со реконструкцијата ќе се започне во мај 2014 година.

Не постои ризик за реализација на проектот. Постојните улици се изградени на земјиште сопственост на Република Македонија.

Датум на завршување на проектот-фекална канализација се планира до 01.07.2015 година.

Се планира вкупната вредност на оваа развојна програма да изнесува 4.628.869,00 денари.

Поради големиот обем и висина на потребните финансиски средства кои се потребни за реализација на оваа развојна програма, а кои изнесуваат 4.628.869,00 денари, реконструкцијата ќе се извршува фазно во наредните две години, односно до 2015 година.

За реализација на оваа развојна програма за 2014 година се предвидени средства во износ од 3.948.760,00 денари, а 680.109,00 денари се планираат во 2015 година.

За реализација на оваа развојна програма покрај планираните средства од изворните приходи на Буџетот на Општина Демир Хисар, ќе се користат средства од Буџетот на Република Македонија преку Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2013 година за мерка 322, точка 2.

Овај план за развојни програми влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Хисар".

**Бр. 07-849/4** **Совет на Општина Демир Хисар**
**15.11.2013 година** **Председател,**
**Демир Хисар** **Кире Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ " бр.5/02), а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр. 3/02, 4/05 и 7/09) , донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за измени и дополнување на Програмата за УП на Општина Демир Хисар за 2013 година**

1.Ја објавувам Одлуката за измени и дополнување на Програмата за УП на Општина Демир Хисар за 2013 година, донесена на единаесетата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 15.11.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 08-880/3** **Општина Демир Хисар**
**18.11.2013 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** **Љупчо Блажевски с.р**

**119.**Врз основа на член 22 став 1 точка 1 и точка 2 и член 36, став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа ( Сл.весник на РМ бр. 5/02), а во согласност со член 17 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 70/2013) и Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 55/2013) и чл. 8 од Законот за изменување на Законот за утврдување правен статус на бесправно изградени објекти (Сл весник на РМ бр. 155/2012 и измените на Законот), член 15 и член 43 од Статутот на Општина Демир Хисар (Сл.гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/2002год.), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 15.11.2013 год. донесе

**О Д Л У К А**
***За изменување и дополнување на ПРОГРАМАТА за донесување на урбанистичките планови за Општина Демир Хисар за 2013год.***

**Член 1**

Во членот 1 од Програмата за урбанистички планови за општина Демир Хисар за 2013год. се додаваат следните точки:

- Во Глава V, која се однесува на изработка на урбанистички планови во село, се додава нова точка 6, која се однесува за изработка на Урбанистички план во населено место с.Велмевци, за вклопување на бесправно изграден станбен објект, на КП бр. 1643, КО Велмевци, а по барање на Маркушоски Никола и Маркушоски Ило, во постапка за утврдување на правен стаус на бесправно изграден објект.

**член 2**

Измените на Програмата влегуваат во сила осмиот ден од објавувањето во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр. 07-849/5** **Совет на Општина Демир Хисар**
**15.11.2013 година** **Председател,**
**Демир Хисар** **Кире Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ " бр.5/02), а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр. 3/02, 4/05 и 7/09) , донесувам

З А К Л У Ч О К
За објавување на Одлука за одобрување на приоритет на проект „Реконструкција на пумпна станица на бунар 1 и 3 и реконструкција на пумпна станица Мургашево за водоводен систем на Општина Демир Хисар"

1.Ја објавувам Одлуката за одобрување на приоритет на проект „Реконструкција на пумпна станица на бунар 1 и 3 и реконструкција на пумпна станица Мургашево за водоводен систем на Општина Демир Хисар" донесена на единаесетата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 15.11.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 08-880/4** **Општина Демир Хисар**
**18.11.2013 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** **Љупчо Блажевски с.р**

**120.** Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 05/02) и член 43 став 1 точка 42 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр. 3/02), а во врска со Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европска Инвестициона банка по Договорот за заем по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадни води" („Службен весник на РМ" бр. 83/10), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 15.11.2013 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на приоритетен проект со кој ќе се аплицира по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадни води"**

Член 1

Со оваа Одлука се одобрува инфраструктурниот проект за **„Реконструкција на пумпна станица на бунар 1 и 3 и реконструкција на пумпна станица Мургашево за водоводен систем на Општина Демир Хисар"** како приоритетен проект.

Член 2

Со овој проект ќе се аплицира за користење на средствата од Проектот „Водоснабдување и

одведување отпадни води“ обезбедени со заем кај Европската Инвестициона Банка.

Член 3

Се овластува Градоначалникот на Општина Демир Хисар да ги превземе сите дејствија во врска со аплицирање за користење на средствата обезбедени со заемот кај Европската Инвестициона Банка.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Демир Хисар“.

**Бр. 07-849/6 Совет на Општина Демир Хисар**
**15.11.2013 година Председател,**
**Демир Хисар Кире Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ “ бр.5/02), а во врска со член 71 од Статутот на општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр. 3/02, 4/05 и 7/09) , донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за распишување на избори за органите во урбаната и месните заедници во општина Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за распишување на избори за органите во урбаната и месните заедници во општина Демир Хисар донесена од страна на Градоначалникот на Општина Демир Хисар бр.08-878/1 од 18.11.2013 година година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 08-880/5 Општина Демир Хисар**
**18.11.2013 година Градоначалник**
**Демир Хисар Љупчо Блажевски с.р.**

**121.** Врз основа на член 27, 84 и 85 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и членовите од глава XIV од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на општина Демир Хисар“ бр.3/02, 4/05 и 7/09), Правилата за работа на месните заедници на општина Демир Хисар бр.07-797/6 од 29.10.2013 година, како и Одлуката за задолжување на Градоначалникот за распишување на избори по месните и урбаната заедница во општина Демир Хисар бр.07-797/7 од 29.10.2013, Градоначалникот на општина Демир Хисар донесува

**О Д Л У К А**
**За распишување на избори за органите во урбанта и месните заедници во општина Демир Хисар**

Член 1

Се распишуваат избори за органите во урбаната и месните заедници во општина Демир Хисар.

Член 2

Изборите за органите во урбаната и месните заедници во општина Демир Хисар да се одржат на ден 08.12.2013 година, на Собир на граѓани на урбаната и месните заедници.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр.08-878/1 Градоначалник**
**18.11.2013 на општина Демир Хисар**
**Љупчо Блажевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ “ бр.5/02), а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр. 3/02, 4/05 и 7/09) , донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на измени и дополнување на Буџетот на општина Демир Хисар за 2013 година-II Ребаланс**

1.Ги објавувам измените и дополнувањето на Буџетот на општина Демир Хисар за 2013 година –II Ребланс донесени на единаесетата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 15.11.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 08-880/1 Општина Демир Хисар**
**18.11.2013 година Градоначалник**
**Демир Хисар Љупчо Блажевски с.р.**

----------------------------------------------------------------

**С О Д Р Ж И Н А**

1. План за развојни програми на Општина Демир Хисар за 2014 година.

2. Одлука за измени и дополнување на Програмата за УП на Општина Демир Хисар за 2013 година.

3.Одлука за одобрување на приоритетен проет со кој ќе се аплицира по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадни води“(Реконструкција на пумпна станица на бунар 1 и 3 и реконструкција на пумпна станица Мургашево за водоводен систем на Општина демир Хисар).

4. Одлука за распишување на избори за органите на урбаната и месните заедници во општина Демир Хисар.

5. Одлука за измени и дополнување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2013 година-II Ребаланс.

**Издава: Општина Демир Хисар,ул.Битолска б.б.**
**тел.047/552-661**
**Градоначалник.**
**Љупчо Блажевски**
**Компјутерска обработка: Виолета Пајковска**